**МЕЃУНАРОДНА КОНФЕРЕНЦИЈА ВО БИЛ,ШВАЈЦАРИЈА КАКО ДЕЛ ОД ПРОЕКТОТ "ИНОВАТИВНО УЧИЛИШТЕ ОТСКОЧНА ШТИЦА" 2017 ГОДИНА**

Во периодот од 07.05. 2017 до 13.05.2017 година, остварено е учество на конференцијата како дел од меѓународниот проект "Иновативно училиште отскочна штица" која се одржа во градот Бил, Швајцарија. На конференцијата зедоа учество четворица колеги: 2 студенти од прв циклус и 2 дипл. инжењери. Тие ги презентираа своите трудови кои беа од областа на одржливиот дизајн, екологијата, реупотребата на материјали од дрво, дрвната индустрија, дизајнот на мебел и заштита на шуми. Презентацијата на трудовите се одржа на Bern University of Applied Sciences во Бил и на Bern University of Applied Sciences, School of Agriculture, Forest and Food Sciences во Золикофен. Покрај работниот дел на конференцијата учесниците имаа можност да ја посетат фабриката Erne AG Holzbau во Штајн за производство на дрвени конструкции, како и Швајцарскиот научен центар "Technorama" во Винтертур. На конференцијата беа претставени и идеите за практичните проекти кои треба да се одржат во Босна и Херцеговина и Македонија во 2017 година.







